MK

# ДОКУМЕНТ ЗА ПРАКТИКАТА

## ДИСТИНКТИВНОСТ НА ТРОДИМЕНЗИОНАЛНИ ТРГОВСКИ МАРКИ (ТРГОВСКИ МАРКИ СОЧИНЕТИ ОД ФОРМА) ШТО СОДРЖАТ ВЕРБАЛНИ И/ИЛИ ФИГУРАТИВНИ ЕЛЕМЕНТИ КОГА ФОРМАТА САМА ПО СЕБЕ НЕ Е ДИСТИНКТИВНА

Државен завод за индустриска сопственост на Република Северна Македонија

***Забелешка од Државниот завод за индустриска сопственост:***

Овој документ за практиката е подготвен во согласност со Заедничкото соопштение што е произлезено од Заедничката практика за трговските марки изработена од Мрежата за интелектуална сопственост на Европската Унија (EUIPN) и има цел да даде насоки во однос на дистинктивноста на тродимензионалните трговски марки (трговски марки што се сочинети од определена форма) и што содржат вербални и/или фигуративни елементи кога формата сама по себе не е дистинктивна. Приспособен кон специфичностите на Република Северна Македонија, документот дава преглед на стандардите за квалитет на Државниот завод за индустриска сопственост во однос на поднесените приговори.

Овој Документ за практиката, усвоен на национално ниво, ќе се применува од **01.11.2024** година. Документот се објавува јавно, со цел дополнително да се зголемат транспарентноста, правната сигурност и предвидливоста во корист на испитувачите и корисниците.

# 1 ИСТОРИЈАТ

Оваа практика се однесува на дистинктивноста на тродимензионалните трговски марки (трговски марки што се сочинети од определена форма) и што содржат вербални и/или фигуративни елементи кога формата сама по себе не е дистинктивна, со цел да се утврди минимален праг на дистинктивност на трговските марки со форма кога формата сама по себе не е дистинктивна.

Оваа практика се објавува јавно преку овој Документ за практиката, со цел дополнително да се зголемат транспарентноста, правната сигурност и предвидливоста во корист како на испитувачите, така и на корисниците.

Опсегот на практиката е оцена на севкупната својствена дистинктивност на трговските марки што се составени од недистинктивна форма на самите стоки, на пакувањето или на контејнерите и другите елементи што ги опфаќа трговската марка, во рамките на испитувањето на апсолутните причини.

Следниве прашања се **надвор од опсегот** на практиката:

- процена на дистинктивноста на формата;
- процена на дистинктивноста на елементите сами за себе;
- импликации врз релативните основи;
- стекната дистинктивност;
- форми или други карактеристики што се резултат на природата на самите стоки, кои се неопходни за добивање технички резултат или кои им даваат значителна вредност на стоките (член 4(1)(д) од EUTMD).

# 2 ПРАКТИКА

Текстот што следува ги опфаќа клучните пораки и главните изјави содржани во принципите на практиката. Целиот текст може да се најде на крајот од оваа практика.

За да се утврди дали е исполнет прагот на дистинктивноста, се земаат предвид бројни елементи и фактори што влијаат врз дистинктивноста на знакот како целина.

### ВЕРБАЛНИ И ФИГУРАТИВНИ ЕЛЕМЕНТИ

***Како почетна точка, ако една недистинктивна форма содржи елемент што сам по себе е дистинктивен, тоа е доволно знакот да биде целосно дистинктивен. Големината и пропорциите на вербалните/фигуративните елементи, нивниот контраст во однос на формата и нивната реална положба на неа се фактори што може да влијаат врз перцепцијата за знакот кога се проценува неговата дистинктивност.***

**Големина/пропорции**

| | |
|---|---|
| **ДИСТИНКТИВНИ** | **ДИСТИНКТИВНИ** |
|   Класа 9: Сигурносни дигитални (SD) мемориски картички |   Класа 14: Рачни часовници |
| Кога вербалниот/фигуративниот елемент е доволно голем за да се препознае јасно како дистинктивен и има доволно влијание врз севкупниот впечаток што го остава знакот, знакот се смета за дистинктивен како целина. | Мора да се земат предвид и посебните пазарни реалности. Потрошувачите имаат навика да ги препознаваат малите елементи на одредени стоки. И покрај малите димензии, вербалните елементи сепак може да се идентификуваат како дистинктивни елементи во приказот. |
| **Контраст на боите** | |
| **ДИСТИНКТИВНИ** | **НЕДИСТИНКТИВНИ** |
|   Класа 32: Вода за пиење во шише |  Класа 28: Топки за играње |
| Користењето на помалку контрастни бои сè уште може да биде доволно за да се овозможи некој елемент да биде дистинктивен во приказот и да резултира со дистинктивен знак. Севкупната процена ќе зависи од дистинктивноста на таквиот елемент. | Кога поради недостиг на контраст елементот не може јасно да се идентификува како дистинктивен во приказот, елементот нема да има влијание врз оцената на дистинктивноста на знакот, бидејќи потрошувачот нема да може веднаш да го препознае таквиот елемент и на крајот да го разликува тој знак од другите. |
| **Положба** | |

| ДИСТИНКТИВНИ | НЕДИСТИНКТИВНИ |
|---|---|
|   |   |
| Класа 3: Козметички производи | Класа 3: Козметички производи |
| Во некои случаи потрошувачите може различно да ги перцепираат елементите во зависност од нивната положба на стоките и со тоа може да се смени оценката за дистинктивноста на знакот како целина. | |

## БОИ

***При процена на дистинктивниот карактер на бојата мора да се има предвид општиот интерес, да не се ограничува непотребно достапноста на боите за другите трговци што нудат на продажба стоки или услуги од ист вид како оние за кои се бара регистрација (видеме* **Libertel and Heidelberger Bauchemie*****).***

| НЕДИСТИНКТИВНИ | ДИСТИНКТИВНИ |
|---|---|
|    |  |
| Класа 9: Мемориски картички / Класа: 20 Столови | Класа 7: Електрични отворачи за врати |

| | |
|---|---|
| Самиот факт за додавање една боја на формата на еден производ во отсуство на друг дистинктивен вербален или фигуративен елемент нема да го направи знакот својствено дистинктивен. Комбинацијата на бои на столот ексклузивно пренесува декоративна порака и нема да се препознае како упатување на потеклото на производот. | Не може да се исклучи можноста дека определен распоред на бои што не е вообичаен за стоките и создава севкупен меморабилен впечаток може да го направи знакот дистинктивен како целина. |

## КОМБИНАЦИЈА НА ФАКТОРИ И ЕЛЕМЕНТИ

***Секако има ситуации кога трговската марка сочинета од определена форма содржи повеќе од еден елемент од разгледаните погоре. Исто така, може да има случаи кога повеќе од еден од горенаведените фактори се релевантни за утврдување на влијанието на елементите во дистинктивноста на знакот. Во сите ситуации дистинктивноста на знакот ќе зависи од севкупниот впечаток создаден од комбинацијата на тие фактори и елементи.***

| ДИСТИНКТИВНИ | НЕДИСТИНКТИВНИ |
|---|---|
|   Класа 30: Чоколада |  Класа 25: Чевли / Класа 16: Пакување |
| Комбинацијата на недистинктивна форма со елементи за кои се смета дека немаат дистинктивен карактер би можела да го направи знакот дистинктивен како целина. Во овој пример, дури иако вербалните елементи се описни, нивниот распоред како сонце или цвет резултира со дистинктивен севкупен впечаток. | Случајниот распоред на едноставни геометриски форми додадени на формата на стоката од класата 16 и вообичаеното пакување на чевли во класа 25 не остава севкупен впечаток што е дистинктивен, бидејќи потрошувачот нема да ја перцепира оваа конкретна комбинација како комбинација која укажува на комерцијалното потекло, туку само како можен украс на пакувањето. |

MK

# ПРАКТИКА

## ДИСТИНКТИВНОСТ НА ТРОДИМЕНЗИОНАЛНИ ТРГОВСКИ МАРКИ (ТРГОВСКИ МАРКИ СОЧИНЕТИ ОД ФОРМА) ШТО СОДРЖАТ ВЕРБАЛНИ И/ИЛИ ФИГУРАТИВНИ ЕЛЕМЕНТИ КОГА ФОРМАТА САМА ПО СЕБЕ НЕ Е ДИСТИНКТИВНА

# СОДРЖИНА

1 ВОВЕД ... 1
1.1 Цел на овој документ ... 1
1.2 Дефинирање на трговските марки сочинети од форма ... 1
1.3 Опсег на примена на практиката ... 2
1.4 Стандарди за претставување ... 2
2 ИСПИТУВАЊЕ НА ТРГОВСКИТЕ МАРКИ СОЧИНЕТИ ОД ФОРМА: ОЦЕНА НА ДИСТИНКТИВНОСТА ... 3
3 ПРИНЦИПИ НА ПРАКТИКАТА ... 4
3.1 Вербални и фигуративни елементи ... 4
3.1.1 Големина/пропорции ... 4
3.1.2 Контраст ... 9
3.1.3 Положба ... 14
3.2 БОИ ... 16
3.3 Комбинација на фактори и елементи ... 19
3.3.1 Комбинација на фактори ... 20
3.3.2 Комбинација недистинктивни елементи ... 21
3.3.3 Комбинација на дистинктивни и недистинктивни вербални/фигуративни елементи и бои ... 24

# 1 Вовед

## 1.1 Цел на овој документ

Цел на овој документ за практиката е утврдување на минималниот праг на дистинктивност на трговските марки сочинети од определена форма кога формата сама по себе не е дистинктивна. Тој треба да служи како упатување за заводите за интелектуална сопственост, здруженијата на корисници, подносителите на пријави, носителите на права, застапниците и другите заинтересирани лица.

Документот е широко достапен и лесно пристапен, со што се обезбедува јасно и сеопфатно објаснување на принципите врз кои се заснова практиката. Овие принципи се осмислени за општа примена, а имаат цел да покријат голем број од случаите. Иако дистинктивноста мора да се проценува во секој конкретен случај, принципите служат како насока за заводите при процена на дистинктивноста на трговските марки сочинети од форма што содржат други елементи, кога формата сама по себе не е дистинктивна. Не е исклучено дека определен знак може да биде одбиен врз други основи што не се се однесуваат на недостиг на дистинктивност.

Примерите дадени во овој документ имаат цел да ги илустрираат принципите на практиката. Овие примери треба да се разгледуваат преку поврзаноста на нивното образложение и претпоставките на кои се потпираат.

## 1.2 Дефинирање на трговските марки сочинети од форма

Трговските марки со определена форма се трговски марки што се составени од тродимензионални форми или се поставени на тродимензионални форми, вклучително контејнери, амбалажа, самиот производ или неговиот изглед.

Трговските марки составени од форма, како и сите други видови трговски марки, треба да се состојат од знаци што се подобни за разликување на стоките на едно претпријатие од стоките на другите претпријатија и кои може да се прикажат во регистарот на начин што ќе им овозможи на надлежните органи и на јавноста јасно и прецизно да го утврдат предметот на заштита што му се доделува на неговиот носител (член 3 од EUTMD). За таа цел и за да се обезбеди правна сигурност и добра администрација на системот на регистрација на трговските марки, мора да се осигура знакот да биде претставен на начин што е јасен, прецизен, самосодржан, лесно пристапен, разбирлив, траен и објективен (Образложение 13 EUTMD).

Трговските марки сочинети од форма обично спаѓаат во три категории:

- форми што не се поврзани со самите стоки и услуги;
- форми што содржат форма на самите стоки или делови од стоки;
- форми на пакувањето или контејнерите.

Формите што не се поврзани со самите стоки или услуги обично се дистинктивни. Меѓутоа, може да биде потешко да се утврди дистинктивноста во случај на форми што се состојат од формата на самите стоки и формата на пакувањето или на контејнерите.

На крајот, иако Судот во повеќето случаи се изјаснил дека не е соодветно да се применуваат построги критериуми кога се оценува дистинктивниот карактер на тродимензионалните трговски марки кои се состојат од формата на самите стоки (07/10/2004, C-136/02 P, Torches, EU:C:2004:592, параграф 32), нивните посебни

карактеристики, односно нивната способност да ја преземат формата на самиот производ или на неговото пакување, всушност ја доведуваат во прашање дистинктивноста која не влијае врз другите видови трговски марки, па поради тоа потешко може да се утврди дистинктивноста, бидејќи на таквите трговски марки релевантната јавност нема да гледа на ист начин како на вербална или на фигуративна марка (параграф 30 од горенаведената судска практика). Релевантната јавност нема навика да прави претпоставки за потеклото на производите врз основа на нивната форма или на формата на нивното пакување. Поради тоа, во отсуство на какви било графички (вклучително и бои) или на вербални елементи, релевантната форма мора значително да отстапува од нормата или од деловната пракса на секторот или, од друга страна, таквите графички или вербални елементи да станат суштински за стекнување на дистинктивност на трговската марка со форма, која можеби поинаку не би била подобна за регистрација.

## 1.3 Опсег на примена на практиката

Во опсегот на примена на практиката е следново:

Оцена на севкупната својствена дистинктивност на трговските марки  што се составени од недистинктивна форма на самите стоки, пакувањето или контејнерите и на другите елементи на кои е поставена трговската марка со форма, во рамките на испитувањето на апсолутните основи.

За целите на оваа практика, формите кои се наведени како примери се сметаат за својствено недистинктивни.

Во рамките на практиката се разгледуваат следниве елементи:

- вербални и/или фигуративни елементи:
- една боја и комбинации на бои;
- комбинација на елементи.

Надвор од опсегот на примена на практиката се следниве прашања:

- оцена на дистинктивноста на формата;
- оцена на дистинктивноста на поединечните елементи;
- импликации врз релативните основи;
- стекната дистинктивност;
- форми или други карактеристики што произлегуваат од природата на самите стоки, кои се неопходни за добивање технички резултат или кои им даваат значителна вредност на стоките (член 4(1)(д) од EUTMD).

## 1.4 Заеднички стандарди за прикажување

Со член 3(б) од EUTMD се утврдуваат јасни стандарди за приказ на сите знаци, при што се наведува дека за нив мора да постои можност да бидат прикажани во регистарот на начин што ќе им овозможи на надлежните органи и на јавноста јасно и прецизно да го утврдат предметот на заштита што му се дава на носителот. Во воведната изјава 13 истакната е важноста на барањето знакот да може да се прикаже на јасен, **прецизен, самосодржан, лесно пристапен, разбирлив, постојан и објективен начин**, со текст што е преземен во членот 3(1) од EUTMIR.

Со приказот на трговската марка (во натамошниот текст „**приказ**“) се дефинира предметот на регистрацијата, како што е наведено во член 3(2) EUTMIR ([1]). Иако во

[1] Регулатива за спроведување на Комисијата (ЕУ) 2018/626 од 5 март 2018 година.

EUTMD тоа не е така јасно определено, тоа може да се изведе и од членот 3(б) од EUTMD.

Според тоа, јасниот и прецизен приказ на формата, заедно со сите елементи кои ги опфаќа, ќе го дефинира предметот на пријавата на трговската марка ([2]).

## 2 Испитување на трговските марки кои се сочинети од форма: Оцена на дистинктивноста

- **Функција на трговската марка**: За да има дистинктивен карактер, трговската марка мора да биде во можност да ја исполни својата суштинска функција, имено да го гарантира идентитетот на комерцијалното потекло на означените стоки и/или услуги за потрошувачот, така што ќе му овозможи, без каква било можност за забуна, да ги разликува стоките или услугите од другите што имаат друго потекло ([3]).

- **Упатување на стоките**: Дистинктивноста мора да се процени, прво, од аспект на стоките за кои се бара регистрација и, второ, од аспект на перцепцијата на релевантната јавност — потрошувачот ([4]).

- **Перцепција на потрошувачот ([5]) и единствен правен стандард**: Се зема предвид перцепцијата на просечниот потрошувач кој е разумно добро информиран и разумно добро внимателен и претпазлив. Меѓутоа, како што е наведено погоре, перцепцијата на просечниот потрошувач не мора да биде иста во случај на трговски марки сочинети од форма во споредба со вербални или фигуративни трговски марки составени од знаци што не се поврзани со изгледот на стоките што ги означуваат (12/02/2004, C-218/01, Perwoll, EU:C:2004:88).Во тој контекст, состојбата на пазарот има улога во текот на постапката на оценување бидејќи влијае врз перцепцијата на потрошувачот за знакот што е составен од самиот производ или неговото пакување.

Испитувањето на дистинктивниот карактер на трговските марки составени од форма треба да се извршува во следниве чекори.

<u>Чекор 1</u>: **Утврдување на елементите на знакот и оцена на нивната својствена дистинктивност.**

Заводот ќе ги утврди сите **елементи** што ги опфаќа трговската марка составена од форма и нивната својствена дистинктивност. За целите на оваа информација тие елементи се:
- вербални и фигуративни елементи;
- бои (една боја и комбинации на бои) и
- комбинација на горенаведеното.

Кога формата опфаќа вербални/фигуративни елементи, нивната идентификација и

---

([2]) Принципите на оваа практика се прикажани на примерите во стандарден формат од 8x8 cm.
([3]) Види C-39/97, Canon, параграф 28 и T-79/00, LITE, параграф 26.
([4]) Види C- 53/01 P, Linde, параграф 41, C-363/99, Postkantoor, параграф 34, споени предмети од C-468/01 P до C-472/01 P, Tabs (3D), параграф 33.
([5])За целите на оваа практика, поимот „потрошувач“, , се однесува и на општата јавност и на професионалците.

оцената на дистинктивноста треба да вклучат разгледување на следниве фактори:

- големина/пропорција на елементите во однос на формата;
- контраст на елементот во однос на формата и
- положба на елементот на формата.

Кога формата опфаќа боја и комбинации на бои, нивната идентификација и оцената на дистинктивноста треба да вклучат разгледување на определен распоред на бои на конкретната форма.

<u>**Чекор 2**</u>: **Оцена на дистинктивноста на знакот како целина**

Оцената на дистинктивноста мора да се заснова на севкупниот впечаток на комбинацијата на формата и елементите што таа ги опфаќа, во однос на предметните стоки и перцепцијата на потрошувачот врз која може да влијаат специфичните состојби на пазарот.

# 3 Принципи на практиката

Како почетна точка, ако една недистинктивна форма содржи елемент што сам по себе е дистинктивен, тоа е доволно знакот да биде целосно дистинктивен.

Примери:

| ДИСТИНКТИВНИ | |
|---|---|
| Знак | Објаснување |
| <br>Класа 33: Вино | Знакот содржи недистинктивна форма на шише и јасно препознатлив дистинктивен фигуративен елемент. Според тоа, знакот како целина е дистинктивен. |

## 3.1 Вербални и фигуративни елементи

Големината и пропорциите на вербалните/фигуративните елементи, нивниот контраст во однос на формата и нивната реална положба на формата, се фактори што може да влијаат врз перцепцијата на знакот при оцена на неговиот дистинктивен карактер.

### *3.1.1 Големина/пропорции*

Големината и пропорциите на елементите мора да се земат предвид кога се оценува дистинктивниот карактер на трговската марка сочинета од форма. Пред сè, оцената се

заснова врз приказот на знакот, како што е поднесен од подносителот на пријавата, без оглед на вообичаената големина на производот. Дистинктивниот елемент мора јасно да биде видлив во приказот за да биде знакот дистинктивен како целина. Не се бараат посебни пропорции помеѓу елементите и формата.

- Последователно, кога вербалниот/фигуративниот елемент е доволно голем за да може јасно да се препознае како дистинктивен и има доволно влијание врз севкупниот впечаток што го остава знакот, го прави знакот дистинктивен како целина.

Примери:

| **ДИСТИНКТИВНИ** | |
|---|---|
| Знак | Објаснување |
|   Класа 9: Сигурносни дигитални (SD) мемориски картички | Наспроти многу малите димензии на овој тип мемориски картички, вербалниот елемент е голем во однос на формата и може јасно да се препознае како дистинктивен елемент во приказот, што го прави знакот дистинктивен како целина. |

- Кога елементот е **голем**, но се смета за недистинктивен, само неговата големина во однос на формата, нема да биде доволна знакот да го направи дистинктивен како целина.

Примери:

| **НЕДИСТИНКТИВНИ** | |
|---|---|
| Знак | Објаснување |
| <br><br>Класа 3: Козметички производи | Во овие примери, и покрај големите недистинктивни вербални/фигуративни елементи на недистинктивните форми, знаците не се дистинктивни како целина. Првиот содржи описни информации за предметните стоки, а вториот содржи приказ на едноставна геометриска форма што, исто така, не е дистинктивна. |
| <br>Класа 16: Пакување / Класа 25: Чевли | |

- **Мора да се земат предвид и** посебните состојби на пазарот. Потрошувачите обично обрнуваат внимание на малите елементи на определени стоки и во тој случај релативно малите елементи сепак може да имаат доволно влијание знакот да го направат целосно дистинктивен, сѐ додека нивната големина овозможува јасно да се препознаваат како дистинктивни.

Примери:

<table>
<tr><th colspan="2">ДИСТИНКТИВНИ</th></tr>
<tr><th>Знак</th><th>Објаснување</th></tr>
<tr><td>

Класа 18: Држачи за визит-картички во форма на кутии за визит-картички</td><td rowspan="2">Обично мали знаци за потеклото се користат за стоки како што се држачи за визит-карти или рачни часовници. Според тоа, и покрај малите димензии на вербалните елементи во однос на недистинктивните форми, знакот како целина е дистинктивен, бидејќи вербалните елементи може да се препознаат како дистинктивни елементи во приказот, со што знакот може да го направат дистинктивен како целина.</td></tr>
<tr><td>

Класа 14: Рачни часовници</td></tr>
<tr><td>

Класа 12: Камиони</td><td>Во овој специфичен сегмент обично знаците за потеклото се релативно мали во однос на стоките. Прилично малите димензии на вербалниот елемент во однос на камионот не спречуваат тој јасно да се препознае како дистинктивен елемент во приказот, со што се врши влијание врз целокупниот впечаток бидејќи потрошувачите се навикнати на оваа практика.</td></tr>
</table>

- Кога вербалниот/фигуративниот елемент е мал до степен до кој не може да се препознае како дистинктивен, тоа нема да има влијание врз севкупниот впечаток и, според тоа, формата нема да ја направи целосно дистинктивна.

Примери:

| **НЕДИСТИНКТИВНИ** | |
|---|---|
| Знак | Објаснување |
| <br>Класа 33: Вино | Во овие примери, вербалните/фигуративните елементи се толку мали што не може да бидат препознаени во приказот и не може да се определи нивната дистинктивност.<br><br>Според тоа, тие немаат доволно влијание врз севкупниот впечаток и знакот како целина не е дистинктивен. |
| <br>Класа 9: Сигурносни дигитални (SD) мемориски картички | |

### *3.1.2 Контраст*

Користењето контраст, исто така, може да влијае врз можноста да се препознае вербалниот/фигуративниот елемент(и) и на крајот знакот да претставува дистинктивна целина. Контрастот може да се постигне со користење различни нијанси на бои или со втиснување со испакнување /гравирање/ втиснување со вдлабување одредени елементи на определени стоки.

а. Контраст на бои

- Користењето на помалку контрастни бои сè уште може да биде доволно за да се овозможи некој елемент да биде дистинктивен во приказот и да резултира со дистинктивен знак. Севкупната оцена ќе зависи од дистинктивноста на таквиот елемент.

Примери:

| **ДИСТИНКТИВНИ** | |
|---|---|
| Знак | Објаснување |
|  Класа 33: Вино | Наспроти користењето помалку контрастни бои, фигуративниот елемент на шишето сè уште може да му даде на знакот дистинктивен карактер како целина бидејќи елементот може јасно да се препознае како дистинктивен во приказот. |
|   Класа 32: Вода за пиење во шише | Наспроти користењето помалку контрастни бои помеѓу вербалниот елемент и шишето, вербалниот елемент сè уште може да се препознае како дистинктивен, па, според тоа, севкупниот впечаток има за резултат знакот да се перцепира како дистинктивен во целина. |

- Од друга страна, кога поради недостиг на контраст елементот не може јасно да се препознае како дистинктивен во приказот, елементот нема да има влијание врз оцената на дистинктивноста на знакот бидејќи потрошувачот нема да може веднаш да го препознае таквиот елемент и на крајот да го разграничи знакот од другите.

Примери:

| **НЕДИСТИНКТИВНИ** | |
|---|---|
| Знак | Објаснување |
| <br>Класа 28: Топки за играње | Во овој случај елементот не може јасно да се препознае без внимателно испитување поради недостиг на контраст помеѓу елементот и неговата позадина. Таквата комбинацијата не го прави знакот дистинктивен како целина ([6]). |

b. Гравирање/втиснување со испакнување/втиснување со вдлабување

Гравирањето во овој контекст треба да се разбере како дејство на сечење или резбање (текст или дизајн) на површината на тврд предмет.

Втиснувањето со испакнување треба да се разбере како дејство на резбање, калапење или печатење на дизајн (на површина или на предмет), така што тој да се прикаже како испакнат релјеф.

Втиснувањето со вдлабување треба да се разбере како дејство на резбање, калапење или печатење на дизајн (на површина или на предмет), така што тој да се прикаже како вдлабен релјеф.

Поради нивната природа, бојата на гравираните/ втиснатите со испакнување/ втиснатите со вдлабување елементи, се меша со самиот производ и прави тие потешко да се согледаат и препознаат. Сепак, за разликување на трговските марки со форма често се користи гравирањето.

---

([6]) Контрастот може да се разликува во зависност од условите за гледање (екрани, печатени скици итн.) што прават елементот, помалку или повеќе, да може да се идентификува.За целите на оваа практика се смета дека елементот не може јасно да се идентификува.

- Ефектот на гравирање/втиснување со испакнување/втиснување со вдлабување, исто така, може да влијае врз препознавање на елементот и на севкупната оцена на дистинктивноста на знакот. Кога елементот се препознава, може да се донесе одлука за неговата дистинктивност.

Примери:

| **ДИСТИНКТИВНИ** | |
|---|---|
| Знак | Објаснување |
| <br><br>Класа 32: Пијалаци | Елемент втиснат со испакнување може да се препознае како дистинктивен во приказот и според тоа, знакот е дистинктивен како целина. |
| <br><br>Класа 16: Кутии за моливи | Гравиран елемент, исто така, може да се препознае како дистинктивен во приказот и според тоа, знакот е дистинктивен како целина. |

| **НЕДИСТИНКТИВНИ** | |
|---|---|
| Знак | Објаснување |

| | |
|---|---|
| <br>Класа 11: Тостер | Гравираниот фигуративен елемент нема доволно контраст во однос на формата и според тоа, не може јасно да се препознае во приказот. Според тоа, знакот не може да се смета за дистинктивен како целина. |

- Во принцип, фактот за гравирање/втиснување со испакнување/втиснување со вдлабување на недистинктивен елемент преку недистинктивна форма сам по себе не е доволен знакот да се смета за дистинктивен.

Пример:

| **НЕДИСТИНКТИВНИ** | |
|---|---|
| Знак | Објаснување |
| <br>Класа 32: Вода за пиење во шише | Овој недистинктивен елемент (едноставна геометриска форма — круг) што е гравиран на недистинктивна форма не му дава дистинктивност на знакот како целина. Севкупниот впечаток е недистинктивен бидејќи потрошувачот нема да биде во можност да разграничи дека оваа стока потекнува од определено претпријатие. |

**НЕДИСТИНКТИВНИ**

| Знак | Објаснување |
|---|---|
|  Класа 32: Вода за пиење во шише | Овие недистинктивни елементи што се гравирани на недистинктивна форма не му даваат дистинктивност на знакот како целина. Севкупниот впечаток е недистинктивен бидејќи потрошувачот нема да биде во можност да разграничи дека оваа стока потекнува од определено претпријатие. |

### *3.1.3 Положба*

Положбата на елементот кој е поставен на знакот, исто така претставува фактор што треба да се земе предвид кога се проценува дистинктивниот карактер на знакот бидејќи тоа ќе влијае врз можноста таквиот елемент да се препознае како дистинктивен или не и на крајот ќе му даде на знакот дистинктивен карактер.

- Генерално, дистинктивните елементи ќе го направат знакот дистинктивен како целина, без оглед на положбата на производот и вообичаеното претставување на производот на пазарот сѐ додека тие може да се препознаат како дистинктивни во приказот на трговската марка во пријавата.

Примери:

<table>
<tr><th colspan="2">ДИСТИНКТИВНИ</th></tr>
<tr><th>Знак</th><th>Објаснување</th></tr>
<tr><td>

Класа 32: Вода за пиење во шише</td><td rowspan="2">Вербалните и фигуративните елементи може да се идентификуваат како дистинктивни во сите овие примери, без оглед на нивната положба и со тоа да го претстават секој знак како дистинктивен во целина.<br><br>Иако знаците за потеклото обично не се ставаат на долниот дел од шишето, како што е прикажано во последниот пример, оваа можност не може да се исклучи.</td></tr>
<tr><td>

Класа 32: Вода за пиење во шише</td></tr>
</table>

| ДИСТИНКТИВНИ | |
|---|---|
| Знак | Објаснување |
| <br>Класа 25: Чевли | Ознаките за потеклото обично може да се најдат на влошките на чевлите. Во овој пример дистинктивниот елемент се наоѓа во очекувана положба и јасно може да се препознае како дистинктивен во приказот - поради тоа, може да го направи знакот дистинктивен како целина. |

| НЕДИСТИНКТИВНИ | |
|---|---|
| Знак | Објаснување |
| <br>Класа 33: Вино | Етикета што содржи описен вербален елемент, поставена во вообичаена положба за овој вид пакување на производот, не го прави знакот дистинктивен како целина. |
| <br>Класа 33: Вино | Недистинктивниот елемент (можна година на производство) е поставен на долниот дел од шишето што можеби не е вообичаена положба за ваков описен елемент. Сепак, невообичаената положба не му дава дистинктивен карактер на очигледно недистинктивниот елемент, според тоа, знакот е недистинктивен како целина. |

- Во некои случаи потрошувачите може различно да ги перцепираат елементите поради нивната положба на стоките и со тоа може да се смени заклучокот за дистинктивност.

Примери

| ДИСТИНКТИВНИ | НЕДИСТИНКТИВНИ | Објаснување |
| --- | --- | --- |
|   Класа 3: Козметички производи |   Класа 3: Козметички производи | Вербалниот елемент „CLOSE“ („ЗАТВОРИ“) нема никаква поврзаност со стоките од класата 3.<br><br>Кога се поставува централно, вербалниот елемент се смета за дистинктивен бидејќи не дава описна информација за стоката. Според тоа, знакот како целина е дистинктивен.<br><br>Меѓутоа, кога се поставува во горниот дел од производот, веднаш до капакот, на него ќе се гледа како на описна информација, која ја опишува функцијата за отворање/затворање на капакот. |

## 3.2 БОИ

При оцена на дистинктивниот карактер на бојата, мора да се има предвид општиот интерес и непотребно да не се ограничува достапноста на боите за другите трговци што нудат на продажба стоки или услуги од ист вид како и оние за кои се бара регистрација, видете пресуди од 6.5.2003 година, Libertel, C-104/01, EU:C:2003:244, § 60 и од 24.6.2004 година, Blau/Gelb, C-49/02, EU:C:2004:384, § 41.

Ситуациите во кои боите не може да им дадат дистинктивен карактер на стоките, може да бидат следниве:

- во повеќе случаи бојата може да биде само декоративен елемент на стоките или да е прилагодена на барањето на потрошувачите (на пример, боите на автомобили или на маички), без оглед на бројот на предметните бои;
- бојата може да биде својствена за стоките (на пример, боја за коса);
- бојата може да биде технички функционална (на пример, црвената боја на апаратите за гаснење пожар, разни бои што се користат за електрични кабли);
- бојата може да биде и **вообичаена** (на пример, повторно, црвената боја на апаратите за гаснење пожар);
- бојата може да укаже на определена карактеристика на стоките, како што е вкусот (жолта: за вкус на лимон, розова: за вкус на јагода). Видете ја пресудата од 3.5.2017 година, T-36/16, *GREEN STRIPES ON A PIN (col.),* EU:T:2017:295, §§ од 43 до 47, во која Судот наведува дека зелената боја, која се смета за боја на природата, би довела до тоа релевантната јавност да разбере дека упатува

на еколошката природа на предметните стоки (конвертори на енергијата на ветерот).

Како што потврдил Судот на правдата, потрошувачите немаат навика да прават претпоставки за потеклото на стоките врз основа на нивната боја или на бојата на нивната амбалажа во отсуство на графички или вербален елемент затоа што, по правило, бојата не се користи како средство за идентификација во тековната комерцијална практика (6.5.2002 година, C-104/01, Libertel, EU:C:2003:244). Обично, бојата сама по себе не може служи за разликување на стоките на определено претпријатие (§ 65). Според тоа, во принцип, една боја нема да биде дистинктивна за ниту една стока или услуга, освен во исклучителни околности. Во сите случаи, при испитувањето ќе биде потребна анализа од случај до случај.

- Во принцип, самиот факт за додавање една боја на формата на еден производ во отсуство на друг дистинктивен вербален или фигуративен елемент не го прави знакот својствено дистинктивен.

Примери:

| НЕДИСТИНКТИВНИ | |
|---|---|
| Знак | Објаснување |
|  Класа 9: Мемориски картички | Во овој пример додавањето на една жолта боја на формата, потрошувачите нема да го перцепираат како ознака за потеклото. Употребата на боја за овој вид стоки е вообичаена на пазарот. |
|  Класа 16: Моливи | Користењето на една боја во овој случај не се смета за ознака на потеклото, но дава информации за природата на предметните стоки. Според тоа, знакот не е дистинктивен. |

- Не може да се исклучи дека определен распоред на бои што не е вообичаен за стоките и создава севкупен меморабилен впечаток може да го направи знакот целосно дистинктивен.

Примери:

| ДИСТИНКТИВНИ | |
|---|---|
| Знак | Објаснување |
| <br>Класа 7: Ветерни турбини | Овој посебен распоред на бои што е применет на ветерната турбина е невообичаен на пазарот и доволно едноставен за да создаде севкупен меморабилен впечаток за специјализираните потрошувачи како средство за препознавање. |
| <br>Класа 7: Електрични отворачи за врати | Овој посебен распоред на бои што е применет на цевчест мотор за врати за гаражи создава севкупен впечаток што лесно може да се запомни. На овој посебен пазар стоките речиси исклучително се бараат од професионални потрошувачи, кои се навикнале да го препознаваат комерцијалното потекло на стоките врз основа на бојата. Обично стоките не се видливи во текот на употребата; според тоа, комбинацијата на бои не се смета за декоративна.<br><br>Како резултат на тоа, знакот како целина е дистинктивен. |

Примери:

| НЕДИСТИНКТИВНИ | |
|---|---|
| Знак | Објаснување |
| <br>Класа 9: Маски за мобилни телефони | За маските за мобилни телефони, користењето комбинации на бои е вообичаено на пазарот. Според тоа, потрошувачот нема да гледа на оваа комбинација на бои како на ознака на потеклото, туку само како декорација за овие производи. Знакот како целина не е дистинктивен. |
| <br>Класа 20: Столови | Оваа комбинација пренесува случиво декоративна порака што потрошувачот нема да ја препознае како ознака на потеклото на производите. Според тоа, таквата комбинација не го прави знакот дистинктивен како целина. |

## 3.3 Комбинација на фактори и елементи

Секако има ситуации кога трговската марка сочинета од форма содржи повеќе од еден од претходно опишаните елементи.

Исто така, може да има случаи кога повеќе од еден од горенаведените фактори се релевантни за утврдување на влијанието на елементите на дистинктивноста на знакот.

Во сите ситуации дистинктивноста на знакот ќе зависи од севкупниот впечаток што го остава комбинацијата на тие фактори и елементи.

### *3.3.1 Комбинација на фактори*

- Кога неколку фактори (како што се големината, положбата или контрастот) негативно влијаат врз препознавање на елементот како дистинктивен, тоа ќе резултира со недистинктивен севкупен впечаток за знакот.

Примери:

**НЕДИСТИНКТИВНИ**

| Знак | Објаснување |
|---|---|
|  Класа 33: Вино | Големината, положбата и недостигот на контрастни бои на вербалниот елемент резултира со недистинктивен севкупен впечаток. Овој елемент не може да се препознае како дистинктивен на стоката без внимателно испитување, бидејќи е поставен на помалку видливо место на шишето, со користење многу мала големина и слаб контраст. Според тоа, трговската марка не може да се смета за дистинктивна како целина . |
|  Класа 9: Очила | Големината и гравурата на елементот не овозможуваат тој да се препознае, бидејќи елементите не може да се најдат без внимателно испитување. Ова резултира со недистинктивен севкупен впечаток. |

**ДИСТИНКТИВНИ**

| Знак | Објаснување |
|---|---|
|  | Во овој случај големината на елементот и неговиот контраст со стоките овозможува тој да се препознае како дистинктивен: тоа заедно резултира со дистинктивен севкупен впечаток. |

| | |
|---|---|
| Класа 9: Очила | |

### 3.3.2 *Комбинација на недистинктивни елементи*

- Генерално, комбинирањето на недистинктивна форма со вербални и/или фигуративни елементи, за кои се смета дека индивидуално немаат дистинктивен карактер, не резултира со дистинктивен знак.

Примери:

| **НЕДИСТИНКТИВНИ** | |
|---|---|
| Знак | Објаснување |
| <br>Класа 33: Вино | Вербалните и фигуративните елементи не се дистинктивни бидејќи даваат описни информации за предметните стоки. Иако заземаат централна положба на формата (шишето) и наспроти нивните големи димензии и доволно контраст, тие не може знакот да го направат дистинктивен како целина бидејќи потрошувачот нема да ја перцепира таа комбинација како ознака на потеклото. |
| <br>Класа 25: Чевли / Класа 16: Пакување | Случајниот распоред на едноставни геометриски форми на формата на стоката во класата 16 и вообичаеното пакување на чевли во класата 25, не создава севкупен впечаток што е дистинктивен, бидејќи потрошувачот нема да ја види оваа конкретна комбинација како ознака на комерцијалното потекло, туку само како можен украс на амбалажата. |

| НЕДИСТИНКТИВНИ | |
|---|---|
| Знак | Објаснување |
|   Класа 30: Жита | Комбинацијата на недистинктивни елементи не може да му даде дистинктивен карактер на знакот кога формата е составена од недистинктивна кутија со жита, како што е прикажано. Потрошувачите би гледале на таа форма како на основна и вообичаена форма, која содржи описни информации за предметните стоки. |
|   Класа 30: Чоколада | Оваа комбинација на елементи, сите сами по себе недистинктивни, не го прави знакот дистинктивен како целина. |

- Сепак, комбинирањето на недистинктивна форма со елементи за кои се смета дека индивидуално немаат дистинктивен карактер, би можеле да се согледаат како ознака на потеклото поради перцепцијата на релевантниот потрошувач и составот на знакот, кога се гледа како целина.

Примери:

| ДИСТИНКТИВНИ | |
|---|---|
| Знак | Објаснување |
|   Класа 30: Чоколада | Описните елементи се распоредени за да создадат форма на сонце или цвет; комбинација што може да се смета за ознака на потекло и која, според тоа, го прави знакот дистинктивен како целина. |
|  Класа 33: Вино | Повеќекратно повторени точки, во контрастна боја, додадени на недистинктивна форма резултираат со невообичаена комбинација на пазарот, што го прават знакот дистинктивен како целина. |

| НЕДИСТИНКТИВНИ | |
|---|---|
| Знак | Објаснување |

| НЕДИСТИНКТИВНИ | |
|---|---|
| Знак | Објаснување |
| <br>Класа 21: Шолји за кафе | Повеќекратно повторени точки во контрастна боја, во овој случај ќе се сметаат само за украс. Според тоа, елементите не се во можност да го направат знакот дистинктивен како целина затоа што користењето декоративни елементи е вообичаено на пазарот за предметните производи. |

*3.3.3 Комбинација на дистинктивни и недистинктивни вербални/фигуративни елементи и бои*

- Генерално, комбинирање дистинктивен елемент со други недистинктивни елементи на недистинктивна форма може да го направи знакот дистинктивен како целина сè додека дистинктивниот елемент може јасно да се препознае помеѓу сите други елементи.

Пример:

| ДИСТИНКТИВНИ | |
|---|---|
| Знак | Објаснување |
| <br>Класа 30: Чоколада | Наспроти комбинацијата на многу недистинктивни елементи, вербалниот елемент „ECS' може да се препознае како дистинктивен во приказот, поради неговата големина, позиција и контраст во однос на производот, па оттаму може да го направи знакот дистинктивен како целина. |

- Меѓутоа, ако потрошувачот не може веднаш да го препознае дистинктивниот елемент поради присуство на недистинктивни елементи, таквата комбинација може да резултира со недистинктивен знак.

| НЕДИСТИНКТИВНИ | |
|---|---|
| Знак | Објаснување |
|   Класа 30: Чоколада | Вербалниот елемент ECS се губи во мноштвото недистинктивни елементи. Поради својата положба, големина и недостиг на контраст, тој не може да се препознае како дистинктивен без детална анализа и, поради тоа не може да го направи знакот дистинктивен како целина. |